АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3566 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци;
3. **Период опфатен со надзорот:** 15 септември 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 октомври 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 25.8.2021 година, за непочитување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-337, од 25.8.2021 година) на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (27.8.2021 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, емитуван на 15 септември 2021 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***